# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1969 12 JULY 2024 FREE



FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe




## МИЦКОСКИ СПРЕМЕН ДА ВОЗВРАТИ НА МИЦОТАКИС НА НАТО САМИТОТ ВО ВАШИНГТОН




ТУРНЕЈА НИЗ МАКЕДОНИЈА НА ИГРАОРЦИТЕ ОД „НИКОЛА КАРЕВ“ ОД МЕЛБУРН И „РАЗИГРАНА МАКЕДОНКА“ ОД КВИНБИЈАН:

# ЧУВАРИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО АВСТРАЛИЈА

# Галиба 5.000 од новоосознаените Бугари во Албанија се - етнички Албанци




Според резултатите од ланскиот попис што деновиве официјално ги објави албанскиот институт за статистика ИНСТАТ, во оваа земја сега живеат 2.281 Македонец.

И за првпат во Албанија се попишани и Бугари - како такви се пријавиле 7.957 лица. Во сите досегашни 11 спроведени пописи, откако постои Албанија, ниту еден тамошен жител не се изјаснил како Бугарин.

Македонците ги има во сите пописи од 1950 наваму:

1950: 2.273
1955: 3.341
1960: 4.235
1979: 4.097
1989: 4.697
2011: 5.512

Чисто математички, ако се споредат податоците за етничките Македонци од 2011 и овие ланските се заклучува дека нивниот број е намален за 3.231. Да речеме дека теоретски сите тие се пишале за Бугари, ама тогаш од каде се останатите уште 4.726?

Од „базенот“ на декларираните етнички Македонци не се. Заклучокот е дека се - етнички Албанци (можеби Срби, Бошњаци...) кои очекуваат да добијат бугарски пасоши.

Ама за тоа допрва ќе треба и да „излезат од чорапите“ (како што би рекле Бугарите) односно да платат илјадници евра поткуп.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

# Пациент од Струмица го уапе „црна удовичка“, едвај го спасиле



Директорот на Клиниката за токсикологија во Скопје, проф. д-р Андон Чибишев, сподели дека добива пораки од загрижени граѓани кои се жалат оти се каснати од инсекти и дека во својата околина виделе влекачи, главно гуштери и змии. Докторот истакнува и дека одредени видови на змии и инсекти кои живеат на македонското поднебје ако ве каснат можат сериозно да ви го нарушат здравјето.

- Во текот на викендот на Универзитетската клиника за токсиколгија е примен пациент во исклучително тешка општа состојба заради каснување од инсект кој според информациите од дежурниот доктор од Општата болница во Струмица и кажувањето на пациентот бил црн инсект кој личел на пајак. Според клиничката слика и клиничките манифестации пациентот е каснат од пајак „црна вдовица“ (Latrodectus), инсект чие каснување може сериозно да го загрози здравјето и животот, информира директорот на Токсикологија.

По пружената соодветна итна помош во Општа болница во Струмица и по пријавување на случајот во Токсиколошкиот информативен центар на Универзитетската клиника за токсикологија и консултација со дежурниот доктор, пациентот бил итно транспортиран во Клиниката за токсикологија и спасен.








## Битолчани ноќе полнат вода во шишиња за пиење и кофи за тоалет

Дел од битолчани останаа жедни покрај вода на летните високи температури. Со намален притисок се соочуваат жителите во зградите во централното градско подрачје и во повисоките зони од градот, а целосно без вода и по неколку часа навечер остануваат станарите од високите катови, објави телевизија „Телма". Граѓаните се прашуваат зошто Битола се соочува со ваков проблем покрај издашните пелистерски извори и вештачката акумулација „Стрежево" од каде градот, индустријата и земјоделците речиси половина век се снабдуваат со вода.

- Се намалува притисокот и собираме вода за пиење и за тоалет. Мора да има вода, ако нема во чешмата мора да купиш, велат битолчани, пренесуа „Телма".

И неколку села се отсечени од водоснабдувањето: Братиндол, Нижеполе, Дихово, Цапари. На жителите директорот на „Водовод" им рекол дека има суша, но според наши информации прегорени се две пумпи на Водовод, забележа Горан Велевски, советник од Левица.

Директорот на ЈП „Водовод" од Битола, Андреј Гинов вели причината е зголемената потрошувачка и нерационално користење на водата.

# Ревизорите со критички оценки и прогнози за јавниот долг

| Еврообврзница | Износ по проспект | Година | Доспева | Каматна стапка | Годишна камата | Вкупно камата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Еврообврзница 6 | 500.000.000 | 2018 | 2025 | 2,750% | 13.750.000 | 96.250.000 |
| Еврообврзница 7 | 700.000.000 | 2020 | 2026 | 3,675% | 25.725.000 | 154.350.000 |
| Еврообврзница 8 | 700.000.000 | 2021 | 2028 | 1,625% | 11.375.000 | 79.625.000 |
| Еврообврзница 9 | 500.000.000 | 2023 | 2027 | 6,960% | 34.800.000 | 139.200.000 |

2.87 милијарди евра (A$4.65 милијарди) или половина годишен буџет треба да врати земјата во следните три години, за да го отплати долгот од земените четири еврообврзници. Од овие пари речиси A$ 800 милиони се камати.

И покрај ова, јавниот долг засега е одржлив, но во таканаречено основно сценарио, односно без непредвидени и вонредни состојби. Поради ова, државните ревизори и препорачуваат на Владата да внимава на долгот, оти за враќање на еврообврзниците на земјата ќе и требаат повеќе пари. Ревизорскиот извештај за управување со јавниот долг нотира дека Владата нецелосно ги прикажува приходите и расходите во буџетот, што доведува до намалена транспарентност. Приливите од издадените 12 месечни државни записи во Буџетот не се презентирани како приходи од задолжување со издавање на краткорочни државни записи туку како јавен долг (главнина) и за камати кои не се прикажани како обврска.

Според Министерството за финансии, јавниот долг на земјата е нешто над 58%, но според Државниот завод за статистика тој изнесува 62% од бруто домашниот производ.

Досегашната практика на речиси сите Влади беше ново задолжување, за да се врати стариот кредит. И премиерот Христијан Мицкоски најави кредит од 1 милијарда евра од странска влада, со поволни услови, но јавноста до денес не слушна ниту за условите, ниту за тоа на што ќе се потрошат овие пари.




# Три деца изгореа во пожар, таткото не дозолил полицијата да влезе во куќата






Две малолетни братчиња и нивната десетмесечна сестра изгореа во пожар што избувна во куќа во близина на *Сиднеј*, а полиција го истражува случајот како убиство.

Службите за итни случаи биле повикани на имотот во *Лајло Парк*, населба на околу 35 километри западно од центарот на *Сиднеј*, околу 1 часот по полноќ по локално време, соопшти полицијата.

На двете момчиња, на возраст од две и четири години, им била укажана помош на местото на настанот, но починале набргу откако биле примени во болница.

По гаснењето на пожарот пронајдено е безживотно тело на десетмесечно девојче.

Уште четири деца на возраст од шест до 11 години се во стабилна состојба во болница, како и нивната мајка, која се лекува од вдишување на поголема количина отровен чад.

Таткото, кој ги попречувал напорите на полицијата да влезе во имотот, бил уапсен и однесен во болница под полициски надзор.

*„Детективите за убиства ја презедоа истрагата за овој случај, кој се третира како семејно убиство. Во моментов, се чини дека 28-годишен маж е одговорен за повеќекратни убиства“*, рече портпаролот на полицијата **Дени Доерти**.

Од полицијата додаваат дека таткото намерно ја спречил полицијата да влезе во куќата и да им помогне на децата.



# Крадел лозинки на патници преку лажни WiFi мрежи во авионот



Маж од *Западна Австралија* е обвинет за собрање податоци на патници на комерцијален лет. Според наводите на сојузната полиција (АФП), истрагата била покрената откако авиокомпанија пријавила загриженост поради *„сомнителна WiFi мрежа која ја откриле вработените за време на домашен лет"*.

Инспекторите на АФП го пребарале багажот на 42-годишниот патник и заплениле неколку уреди и откриле лични податоци на други луѓе заедно со лажни страници за најавување на WiFi.

*„Истражителите го пребарале багажот на човекот кога се вратил на аеродромот во Перт, Западна Австралија, и од неговиот рачен багаж заплениле преносив безжичен пристапен уред, лаптоп и мобилен телефон. Тие ја пребараа и неговата куќа во Палмира"* - соопшти АФП.

Полицијата вели човекот направил безплатни WiFi клонови за да ги намами жртвите да се поврзат. Корисниците се поврзуваат на мрежите, мислејќи дека се легитимни.

*„Кога луѓето при поврзување на своите уреди со бесплатните Wi-Fi мрежи, биле однесени на лажна веб-страница каде од нив било побарано да се пријават користејќи ја својата е-адреса или најавување на социјалните мрежи. Тие детали потоа наводно биле зачувани на уредите на осомничениот"* - велат од АФП. Властите веруваат дека имејл адреси и лозинки собрани во таквите напади можат да се користат да се добие неовластен пристап до личните налози на корисниците. На пример, напаѓачите можат да пресретнуваат комуникации, да гледаат зачувани слики и да пристапат до банкарски податоци.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

# Македонците на 49. место во светот според просечниот коефициент на интелигенција




Според просечниот коефициент на интелигенција, објавен на веб-страницата „International IQ test" Македонците се на 49. место во светот. Листата е составена врз основа на резултатите од 1.691.740 лица од целиот свет кои направиле еден ист тест за интелигенција во 2023 година. Тестот инаку е отворен за секој заинтересиран и се плаќа - A$12.50.

Според оваа листа, Македонците имаат просечен коефициент на интелигенција од 98,83. Тоа е блиску до општиот просек којшто изнесува коефициент 100. Претходниот минатогодишен резултат за македонските граѓани бил 98,21 коефициентен поен.

Во првите 10 земји се наоѓаат: Јужна Кореја (со просечен коефициент на интелигенција од 107,54), Кина (106,99), Иран (106,84), Јапонија (106,18), Сингапур (106,18), Австрија (102,71), Канада (102,6), Германија (102,36), Словенија (102,31) и Монголија со просечен коефициент 102,3.

Австралија е на 17 место со IQ 101,7, веднаш зад 16-пласираната Бугарија (107,71) а пред Швајцарија (101,58).

На Балканот погоре спомнатите Бугари се најдобро пласирани, Србите се на 25 место (100,66), Хрватите на 36 место (99,73), Босанците 37-ми (99,57), Црна Гора на 41 место (99,34 просечни поени).

Македонците се пред Грците, кои се на 59 место со просечен коефициент на интелигенција од 97,51 и Албанците на 63 место со 97,28 коефициентни поени.

Reg. No. A0042461G
АХАМ
BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Велјановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251

СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663

НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЛАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418

ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

## ПАК СКОКНАА ЦЕНИТЕ НА СТАНОВИТЕ:

# Само последните три месеци за 8.2 отсто

Цените на становите во Македонија во периодот април-јуни годинава поскапеле за нови 8.2% во однос на првиот квартал од годинава (тогаш имаше скок од 4.7%) или 11.5% на годишно ниво. Според податоците од Народната банка, во последното тримесечје од 2023 година становите на годишно ниво поскапеа за 6.9%.

Индексот на цените на становите е направен врз основа на податоците што се однесуваат на огласени станови за продажба на територија на град Скопје.

Само во април, за кога се и последните податоци на Државниот завод за статистика, планирани за градба биле 710 станови со вкупна корисна површина од 55.611 м2.

# Досега против рудник, сега против фабрика за алуминиум - нови протести во Ново Село



Жителите и еколошките организации „Здрава котлина" и „Еко долина" од општините Ново Село, Босилово и Струмица протестираа пред Општина Ново Село против отворање на капацитет кој ќе преработува алуминиум.

За овие општини рудникот Иловица-Штука, против кој се борат неколку години сè уште не е завршена приказна, а само на десетина километри од таа локација им се отвора нов фронт.

- Решивме да ја стопираме изградба на тешка загадувачка индустрија, односно топилница на алуминиум која се гради на 80 метри од единствената бушотина за снабдување со вода за Ново Село. Градежната дозвола за таа топилница е неправилно издадена, на земјиште со намена за лесна незагадувачка индустрија, во подножјето на село Смолари, зелениот бисер на Беласица, велат од еколошката организација „Здрава котлина".

Граѓаните се повикуваат на одлуките на советите на овие три општини, како и таа на Василево, воопшто да не разгледуваат и да не одобруваат барања за отворање загадувачки индустрии, донесени откако во овој земјоделски крај се појавија инвеститори на рудник. На протестот беше побарано и да се одземаат ингеренциите на општината за издавање градежни дозволи, градоначалникот да си даде оставка, но и државните ревизори да направат контрола.

Советникот на независната советничка група „Стига е" („Доста е") во Советот на Ново Село, Костадин Ристоманов, вели дека граѓаните се незадоволни и заради тоа што, иако неколкупати побарале, не ја добиле на увид градежната дозвола за објектот. Според него, објектот е топилница која не може да се преименува како хала за алуминиумски одливци, а такви објекти не смеат да се градат на помало растојание од пет километри од населено место.

- Обработката и топењето на отпаден алуминиум е исклучително опасен технолошки процес што вклучува дробење, топење на исклучително висока температура со користење на многу енергија, леење, испарување, брусење. Во овој процес се користи многу вода, за која се сомневаме дека ќе се зема од реката, а ќе се создаваат и отпадни води и згура, за кои немаме информација како ќе се третираат бидејќи немаме никаков увид во документацијата, вели Ристоманов.

Од Министерството за животна средина имаат одговор:

- За ваков тип на објект не се бара студија (за која е потребна и јавна расправа) туку елаборат бидејќи согласно податоците доставени во известувањето за намера, проектот не претставува индустриско производство на алуминуим. Се работи за капацитет за леење на алуминум со чистота од 98-99 % без никакви додадени примеси и бои и производство на алуминиумски одливци од вкупно 4.8 тони на ден со печки кои работат на природен гас и се наоѓа на три километри оддалеченост од Ново Село, рекоа од Министерството.




## „ГАЈДАТА НА ПЕЦЕ“ ЗА ЗДРАВКО АНДОНОВ




Искусниот гајдаџија Здравко Андонов од село Ињево, Радовишко, е годинашниов добитник на „Гајдата на Пеце“ што ја доделува општина Долнени за најдобар изведувач, а Културно-уметничкото друштво „Јане Сандански“ од Неготино е добитник на Гран-при на 50. јубилеен Фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“.

Фестивалот се отвори со дефиле на 50 гајдаџии во центарот на Прилеп, а втората фестивалска вечер се одржа на Рудина, во Долнени.

Се доделија и 6 награди-гајдарки, 10 статуетки и 50 плакети на истакнати учесници.

На Фестивалот учествуваа преку 250 изведувачи на изворниот мелос од сите краишта на Македонија. По 13-ти пат се одржа Семинарот за изучување на народните инструменти и песни, а беа промовирани и зборникот на научни трудови „Фолклорот во минатото и денес“, како и монографијата за 50-годишниот јубилеј на Фестивалот „Непресушен извор - за навек“.




# Милионите од продажбата на апартманот на Тито уплатени во Буџетот на МКД, Фрчкоски покажа уплатници




Новиот министер за надворешни и трговија, Тимчо Муцунски, повика назад на консултација тројца амбасадори: Весел Мемеди од Италија, Данчо Марковски од Албанија и Љубомир Фрчкоски од Њујорк. Секој поради некој грев: Мемеди зашто во февруари на своја рака ги извести италијанските власти дека македонските пасоши биле неважечки; Марковски поради скандалозните резултати со пописот и бугарската експанзија меѓу Македонците во Пустец и Голо Брдо; а Фрчковски поради тоа што затаил милиони американски долари и си трошел пари за лични потреби од сметката на Амбасадата. Правилото е дека „консултацијата“ може да трае до 60 дена а потоа се оди на сослушување по кое паѓа одлука - амбасадорот се разрешува или се враќа на служба. Но според македонските искуства ова се користи за отповикување на амбасадор со најмалку скандали.

Образложението од МНР за Фрчкоски беше најдраматично: дека ги скрил парите што Македонија ги доби како сукцесија од имотот на поранешна Југославија, од продажбата на апартманот на Јосип Броз Тито на Петтата авенија во Њујорк (пентхаус со 1.800 м2).

Но Фрчкоски во соопштение до медиумите објави факсимили од три уплатници - една на 3.3 милиона американски долари (од 31 август 2023), втората на 600 илјади (од 17 јануари 2024) и третата на 40 илјади американски долари (од 30 април 2024) - пари уплатени на сметката на Народната банка на Македонија (преку банката на ОН - UNFCU).

Тој уште демантира и дека ја злоупотребил службена картичка за авионски карти кон Македонија. Тврди дека имал итна медицинска интервенција во Македонија и бил на погребот на својот починат брат. Ненадејноста на овие настани го приморале привремено да искористи пари од мисијата за авио-билет, бидејќи службите во МНР не ѝ доставуваат на мисијата соодветни средства за лекарско осигурување. Тие пари секако деновиве ќе ги надомести.

На крајот Фрчкоски вели дека моментално е на боледување по кое ќе се повлече од функцијата, штом не е „погоден“ на новите власти тогаш МНР нема потреба да измеќарува.

## ПАТУВАЊЕ НА РОЗЕВИОТ ПЕСОК НИЗ ВРЕМЕТО:

# Од мразот на Антарктикот до плажа во Австралија



Се верува кога нешто во природата добива розева боја, не е добро. Но, необичниот розе песок на плажите во *Јужна Австралија* помогна да се открие древен планински венец на *Антарктикот* за кој се мислеше дека е затрупан под мраз.

За првпат, розови ленти во песок се појавија во заливот *Петрел*, на оддалечена плажа на *Јужниот Океан.*

Австралиските научници утврдиле дека розовата боја на песокот потекнува од минерали на гранитот, чија старост, цврстина и потекло ги изненадиле научниците.

Како што истакна геологот **Џејкоб Мулдер** од Универзитетот во *Аделаид*, со следење на ситни зрнца песок од оваа плажа во *Австралија*, геолозите стигнале до неоткриен планински појас под мразот на *Антарктикот*.

*„Земјината кора постојано еродира и се менува, седиментните карпи се роната, а малите честички песок ги носи ветрот. Водата се таложи на различни локации и се формираат нови слоеви. Геолозите можат да повлечат паралели на огромни растојанија и долги временски периоди меѓу наслагите со слична старост*" - рече **Џејкоб Мулдер**.

Гранитот е минерал со темноцрвена боја. Се кристализира на високи температури, обично при судири на тектонски плочи, па се вбројува во многу важните минерали кои се заслужни за формирање планински масиви.

Некои од гранитите кои се пронајдени во заливот *Петрел* и околните карпести формации се совпаѓаат со времето на локалните настани, како што е формирање на планините во *Јужна Австралија*. Овие настани се случиле пред околу 590 милиони години, 76-100 милиони години пред да се формира преклопениот појас на *Аделаид*.

Гранитот веројатно настанал во време кога кората на *Јужна Австралија „била релативно студена и непланинска*". Гранитот обично се уништува со продолжена изложеност на брановите и струите во океанот, па истражувачите заклучиле дека најверојатно избил на површината, дури и ако првично се формирал милиони милји подалеку, пред повеќе милиони години.

Научниците откриле дека можат да го поврзат розовиот песок од заливот *Петрел* со слоеви од блиските глацијални седиментни карпи и со далечните наслаги од гранит, кои претходно биле пронајдени во *Трансантарктичките планини* на источен *Антарктик*.

Делови од карпата „ѕиркаат" од дебелата ледена покривка која инаку целосно ја крие областа долу, што го оневозможува испитувањето на геологијата надвор од изложените врвови на планинскиот венец за кој се смета дека лежат под него.

Се смета дека скриениот планински венец е стар 590 милиони години, исто како и гранитот анализиран во оваа студија, но научниците не успеале добро да го истражат.

Според научниците, *Австралија* и *Антарктикот* некогаш биле поврзани во суперконтинент кој се викал *Гондван*.

Глацијалниот песок бил богат со гранит кој настанал со мелење на антарктичките планини, кои допрва треба да ја видат светлината на денот. Тоа е ледена покривка која се движела во правец север-запад за време на доцното палеозојско ледено доба.

*„Наслагите од гранит потоа беа складирани во глацијални седиментни наслаги по должината на јужната австралиска маргина*" - објаснува геологот **Стијн Глори** од Универзитетот во *Аделаид*, се додека ерозијата (уште еднаш) не ги ослободи, а брановите и плимата ги концентрирале на плажите во *Јужна Австралија*.

# Рибар пропаднал во жив песок во реката Пчиња, пожарникарите го ваделе три часа



Три часа траела акцијата за спасување на рибар, кој во понеделникот утрото пропаднал во жив песок во реката *Пчиња*, во атарот на кумановското село *Студена Бара*. Тој побарал помош околу 4 часот, а кумановските пожарникари го извлекле околу 7 часот, по што итно бил пренесен во Кумановската болница. Риболовецот е вон животна опасност.

*„Случајот го пријавил риболовец, кој што слушнал повици за помош на лицето кое покрај реката заглавило во длабока тиња и кал. Ситуацијата била опасна, бидејќи како што сакало лицето да се самоизвлече сѐ повеќе пропаѓало на местото каде што на почвата била маскиран жив песок со исушен слој на површината. Риболовецот во тињата бил до рамениците и бил истоштен, поради што неговото извлекување било исклучително тешко.Пожарникарите успеале да го фатат со јажиња од нивната опрема и полека го извлекувале, при што било потребно и нивно доизвлекување, бидејќи и тие тонеле полека во меката почва. Еден со друг тимски си помагале, етапа по етапа“*, соопшти Центарот за управување со кризи (ЦУК).

# Почина момчето кое беше киднапирано и принудено да се самозапали

Почина 24-годишниот **Б.А.** кој во четвртокот вечерта беше најден запален на скопскиот аеродром. Таа ноќ нешто по полноќ, пожарникарите на скопскиот аеродром пријавиле пожар во индустриската зона *Ќојлија*, а малку подоцна на полицаец пријавил дека со повреди од изгореници на аеродромот дошол 24-годинишникот кој кажал дека од неколку лица бил насилно пренесен со возило од населбата *Ченто* до селото *Ќојлија*.

Според пријавеното, лицата со закана го натерале да се запали, по што избегале, а тој успеал да го изгасне огнот на себе, а од кој бил зафатен и помошен објект во близина.


## ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.-*
*340 Sydenham Road*
*Sydenham Vic 3037*



## ТУРНЕЈА НИЗ МАКЕДОНИЈА НА ИГРАОРЦИТЕ ОД „НИКОЛА КАРЕВ“ ОД МЕЛБУРН И „РАЗИГРАНА МАКЕДОНКА“ ОД КВИНБИЈАН:

# ГОРДО ПРИКАЖУВААТ КАКО ЈА ЧУВАМЕ МАКЕДОНСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО АВСТРАЛИЈА

*Богатата македонска традиција презентирана од младите играорци од најдалечниот континент*

*Македонија* е земја препознатлива по својата богата историја, природни убавини но и по македонскиот фолклор кој се пренесува од генерација на генерација. Македонската песна и оро се распространети на сите континенти каде што живеат Македонците, благодарение на фолклорните друштва кои се важен дел од нашата заедница. Овој месец нашите играорци од *Австралиско-македонската младинска асоцијација (АММА) „Никола Карев“ од Мелбурн* и *КУД „Разиграна Македонка“ од Квинбијан* имаат турнеја низ *Македонија*.

На 4 јули, во *Битола*, на манифестацијата *„Гоцеви денови“*, фолклорните уметнички друштва од *Австралија АММА „Никола Карев“ од Мелбурн* и *КУД „Разиграна Македонка“ од Квинбијан* имаа настап со фолклорниот ансамбл *„Гоце Делчев“ - Битола*. На манифестацијата пееја **Дарко Билбиловски, Дарко Стојаноски** и нашата играорка и пејачка **Кајла К** од *АММА „Никола Карев“*.



***Австралиско-македонската младинска асоцијација „Никола Карев“ од Мелбурн***

Пред тоа имаа и целовечерен концерт *„Традицијата патува“* на кој *АММА „Никола Карев“* и *КУД „Разиграна Македонка“*, заедно со ансамблот *„Македонија“*, во Центарот за култура *Крива Паланка* ја воодушевија кривопаланечката публика со моќната изведба на традиционалните песни, ора и музика. Настанот беше организиран како дел од манифестацијата *„Крива Паланка – Град на културата 2024“*, со цел да се презентира богатството на традиционалната македонска култура.

*- Традицијата патува е проект поддржан од Министерството за култура, со кој ансамблот „Македонија“ веќе неколку години организира концерти низ целата држава. Овојпат, заедно со играорците од АММА „Никола Карев“ од Мелбурн, Австралија, и КУД Разиграна Македонка од Квинбијан, настапуваме во повеќе градови низ Македонија, поточно во Кратово, Крива Паланка, Пробиштип и*






**КУД „Разиграна Македонка“ од Квинбијан**




*Вевчани*, изјави уметничкиот менаџер на ансамблот *„Македонија“*, проф. д-р **Владимир Јаневски** од Музичката академија при Универзитетот *„Гоце Делчев“ – Штип.*

Ансамблот *„Македонија“* постои веќе 11 години и е составен од студенти, уметници од сите четири години на музичката академија, но и од постдипломци и докторанти. Интересот за македонската култура и традиција, како што вели **Јаневски**, постојано расте, а ансамблот *„Македонија“* е познат како културен амбасадор на македонската традиционална игра и музика, со професионални изведби кои ја воодушевуваат публиката.

*АММА „Никола Карев“*, пак, е водечки промотор на македонската култура и традиција во *Австралија*, каде членуваат млади играорци од *Мелбурн*. Друштвото постои од 1977 година и ова е шести пат што гостува во *Македонија*. Некои од играорците за првпат се во *Македонија*.

Играоците на *АММА “Никола Карев”* се секогаш професионални во своите изведби на традиционални македонски ора, сплетови и народни песни, омилени меѓу публиката каде и да се појават, и посебна заслуга за тоа има претседателот и кореограф на друштвото **Аце Петровски**. Во далечна *Австралија* имаме културно уметнички друштва што се вистински бисери и го чуваат неуморно фолклорното богатство на *Македонија*, и се важен дел од нашата заедница. Тие имаат изучено илјадници деца (сега многу од нив во возрасни години), да го сакаат македонскиот фолклор, да ги пејат македонските песни и да ја афирмираат и одржуваат нашата традиција и култура во *Австралија*.



**ЕРДОГАН:**

# НАТО не треба да биде страна во војната во Украина



Турскиот претседател **Реџеп Таип Ердоган** изјави дека *Турција* го поддржува територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, но истовремено се придржува до принципиелниот став дека *НАТО* не треба да биде страна во конфликтот во руско-украинската војна.

*„Познато е дека го поддржуваме територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина. Ако зборуваме за следните чекори за поддршка на Украина, остануваме и на нашиот принципиелен став дека НАТО не треба да биде страна во војната*", рече **Ердоган** пред заминувањето на самитот на *НАТО* во *Вашингтон*.

**Ердоган** рече дека нема да има губитници во праведен мир, истакнувајќи дека *Турција* од самиот почеток презеде одговорност да обезбеди прекин на огнот и да го отвори патот за траен мир.

ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

### МАРОКАНСКАТА КЕНЗА ЛЕЈЛИ:

# Победничка на првиот натпревар за убавина со вештачка интелигенција

Одржан е првиот светски натпревар за убавина со вештачка интелигенција, а победничка е мароканската ВИ инфлуенсерка **Кенза Лејли**.

**Кенза Лејли**, компјутерски генерирана мароканска инфлуенсерка, ја освои наградата *Fanvue World AI Creator Awards*. Тимот што стои зад неа ја победи конкуренцијата од 1.500 други компјутерски генерирани жени и освои награда од 13.000 долари, пишува „Дејли мејл". Членовите на жирито рекле дека се импресионирани од напредната технологија што стои зад **Кенза**, како и од нејзината уверлива „личност".



*– Она што сакавме да го оцениме беше технологијата зад инфлуенсерките генерирани со вештачката интелигенција. Ова значи, на пример, доследност во објавите и фотографиите. Од искуство знам дека е многу тешко да се создаде нешто што не е стандардно убаво и совршено како останатите* – рекла **Софија Новалес**, членка на жирито, додавајќи дека е особено импресионирана од фактот што **Кенза** отстапувала од типичниот стандард на убавина. Прифаќајќи ја наградата, креаторот на **Кенза** рекол: *„Победата на изборот за Мис на вештачката интелигенција уште повеќе ме мотивира да продолжам со својата работа за унапредување на ВИ- технологијата".*

**Кенза** на *Инстаграм* ја следат повеќе од 194.000 луѓе. Со помош на вештачката интелигенција, Кенза зборува седум различни јазици. Нејзиниот креатор создал и видео во кое **Кенза** се заблагодарува за титулата *Мис на вештачка интелигенција*.

*– Чест ми е да бидам крунисана за Мис ВИ. Од срце им благодарам на моите неверојатни следбеници за нивната поддршка и на моите ценети членови на жирито за оваа неверојатна можност. Возбудена сум што ги претставувам креаторите на вештачката интелигенција, мојата земја Мароко, арапскиот свет и што промовирам позитивно влијание технологија за нашата иднина* – вели победничката.

*„Ова патување беше доказ за моќта на иновациите, соработката и подигањето на стандардите за да се обликува нашата иднина"*, заклучува таа.





# НАУЧНИЦИТЕ ОТКРИЈА НОВА БОЈА НА ОЧИТЕ - САМО 1 ПРОЦЕНТ ОД ЛУЃЕТО ВО СВЕТОТ ЈА ИМААТ

Повеќето од нас се запознаени со четирите главни бои на очите: кафеава, сина, „лешник“ кафена и зелена. Со години зелените очи се сметаа за најретки, присутни кај околу 2 отсто од светската популација. Иако беа на врвот на раритетната листа, се чини дека се појави нов предизвикувач за оваа титула.

Според најновите истражувања, научниците сега ја идентификувале сивата боја на очите како најретка, која ги надминува зелените очи. Досега сивата боја се сметаше за дел од спектарот на сини очи, но новата калибрација на дефинициите доведе до поделба на сивата боја како посебна категорија.

Сините очи, кои сочинуваат помеѓу 8 и 10 проценти од глобалната популација, често се мешаат со сивите очи поради нивната мала содржина на меланин и способноста да апсорбираат подолги бранови должини на светлина. Слична фреквенција има лешник бојата на очи, што исто така може да се проследи до заеднички предок.

Во САД, сините очи се малку почести, со 27 проценти од населението, додека очите со боја на лешник сочинуваат 18 проценти. Сивата боја на очите, како најнов додаток на категоријата, сочинува помалку од 1 процент од населението во САД и на глобално ниво. Оваа нова категоризација на бојата на очите отвора простор за понатамошно истражување на генетските и биолошките фактори, кои влијаат врз бојата на ирисот, што е наследна карактеристика. Повеќе гени влијаат врз бојата и нијансата на очите, создавајќи единствена пигментација за секој човек.

Оваа промена во разбирањето на бојата на очите нѐ поттикнува да размислуваме подлабоко за генетската разновидност и наследство.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

•Австралиско•Македонски•Неделник•

Edition No. 1822 Year 37 • Tuesday, 9 July 2024 • Price $4.00 inc GST

СИЉАНОВСКА ДАВКОВА: МАКЕДОНИЈА САКА АВСТРАЛИСКА АМБАСАДА ВО СКОПЈЕ

ТУРНЕЈА НИЗ МАКЕДОНИЈА НА ИГРАОРЦИТЕ ОД „НИКОЛА КАРЕВ" ОД МЕЛБУРН И „РАЗИГРАНА МАКЕДОНКА" ОД КВИНБИЈАН:

ГОРДО ПРИКАЖАА

КАКО СЕ ЧУВА МАКЕДОНСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО АВСТРАЛИЈА

ПРЕМИЕРОТ МИЦКОСКИ ОСТВАРИ СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ ЕМРИ:

МАКЕДОНИЈА И АВСТРАЛИЈА ЌЕ ЈА ЗАЈАКНАТ СОРАБОТКАТА

ТОШКОВСКИ:

ЌЕ ГИ ИЗБРКАМ СИТЕ КРИМИНАЛЦИ ОД МВР

ГРАНИЦАТА НИ Е БЕТЕР ОД ШВАЈЦАРСКО СИРЕЊЕ И НИКОГАШ НЕМАЛО ТОЛКУ ДРОГА ПО УЛИЦИТЕ

ПОЧНА „СЕЧАТА" НА АМБАСАДОРИТЕ: ПОВИКАНИ ДОМА ФРЧКОСКИ, МЕМЕДИ...


Патувајте во Македонија и секаде во светот

AVIO TRAVEL

335 High St Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile 0401 686 970

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ



## ФК Вардар и „Новоматик“ потпишаа договор за спонзорство од милион евра!

ФК Вардар не доби нов сопственик туку генерален спонзор - потпишан е договорот со „Новоматик Македонија“ кој за „црвено-црните“ во новата сезона ќе одвои еден милион евра.

Договорот е едногодишен со можност за продолжување доколку постои задоволство од двете страни.

„Новоматик“ е меѓународна компанија за коцкање со седиште во Австрија. Работи со околу 2.000 казина и други објекти за игри во околу 50 земји. Ќе биде генерален спонзор на Вардар, но нема да управува со клубот. Ќе има свои луѓе во управниот и надзорниот одбор кои ќе ја следат работата. Претседателот на Вардар, Милорад Миленковски, му се заблагодари на новиот спонзор и изрази надеж дека тој ќе биде тригер и за други компании кои ќе сакаат да инвестираат во клубот.

- Ова ни е важно бидејќи се случува на стартот од сезоната. Пред четири години, кога се случија промените, бевме максимално вклучени во проектот. Да кажам со речникот на спонзорот ние влеговме ол-ин во овој проект и на крајот победивме. Вардар е најголем бренд македонски, се надеваме дека за брзо време ќе биде и најголем амбасадор надвор од границите на Македонија, изјави Миленковски.

## Меси го држеше Јамал како бебе, сега верди 90 милиони евра



Не е фотомонтажа, автентична е сликата на Лионел Меси како го држи шестмесечниот Ламин Џамал...

А Ламин Џамал е новата млада ѕвезда на светскиот фудбал. Тој ќе наполни 17 години утре (13 јули). И токму тој е најзаслужен што Шпанците со победата од 2:1 над Франција (го постигна израмнувачкиот погодок) се враќаат во финалето на Европското првенство.

Фотографијата е направена во декември 2007 година кога клубот организираше изработка на календар за хуманитарни цели. Тогаш Џамал имаше околу шест месеци, а Меси 20 годин.

- На тој настан учествуваа сите првотимци на Барселона. Секоја фотографија имаше посебна тема. Не се сеќавам од каде потекнуваше семејството на Ламин, можам не се сеќавам, изјави фоторепортерот кој беше на една од фотографиите со нив.

Ова е само уште еден доказ дека се е можно во животот. Во декември 2007 година, никој не можеше ни да помисли дека Лео, еден од најдобрите фудбалери во историјата, ќе држи бебе чија вредност денес се проценува на 90 милиони евра!


MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

**ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 21 КОЛО**

# Престон Македонија – Норт Џилонг 3:2



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 45 |
| Норткот Сити | 41 |
| Престон Македонија | 41 |
| Вестерн Јунајтед | 37 |
| Лангварин | 31 |
| Булин Лајонс | 29 |
| Бентли Гринс | 28 |
| Мелбурн Сити | 25 |
| Истерн Лајонс | 24 |
| Џорџ Крос | 23 |
| Кингстон Сити | 22 |
| Брансвик Сити | 20 |
| Вереби Сити | 16 |
| Норт Џилонг | 14 |

Добар беше почетокот за Престон Македонија и се редеа постојано шанси пред голот на гостите. За првиот погодок се чекаше до моментот кога Брендон Лотон во 19 минута со глава ја смести топката во мрежата на гостите за 1:0. Продолжи притисокот и после многу шанси во 39 минута Весли Џобело на една нафрлена топка во шеснаесетникот со глава постигна гол за 2:0. Пред крај на првото полувреме беше изведен корнер топката се одби надвор од шеснаесетникот, на неа дотрча Лотон и со топовски удар шутираше од над 20 метри за 3:0.

Во второто полувреме малку опуштено влегоа фудбалерите на Престон Македонија со високо водство и во 55 минута, после неколку грешки во одбраната, Ескадеро намали на 3:1. Пред крај на средбата во 89 минута Емил Дејми со удар од далечина постигна необичен гол за 3:2. Неговиот силен удар прво го одбрани голманот на Престон, но одбиената топка доби необичен правец и отскокна над него и вртејќи се ја помина белата линија.

Во сабота, на 7 јули, Престон Македонија гостува кај Џорџ Крос со почеток во 17:30 часот.



**ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 23 КОЛО**

## Дулвич Хил – Сиднеј Македонија 0:1

Минимална победа на гостувањето кај Дулвич Хил и освоени се три нови бодови со единствениот гол во второто полувреме. Сиднеј Македонија е на четврто место на табелата со 42 бода и тешко дека ќе може до крај на сезоната да ги стигне лидерите Булс Академи со 55 бода и Маунт Друит Таун кој има 54 бодови. Првите две места носат промоција во повисоката лига и останува да се надеваме дека среќата ќе се насмевне за нашиот клуб.

Оваа седмица Сиднеј Македонија игра две средби, првата е заостанат натревар од 17 коло и гостува кај екипата на Нордерн Тајгерс со почеток во 19:30 часот.

Во сабота, на 13 јули, Сиднеј Македонија гостува кај Ридалмер Лајонс со почеток во 19 часот.




**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 21 КОЛО**

## Алтона Маџик Вардар – Авондаел 1:0



Интересен натпревар во кој Алтона Маџик направи големо изненадување пред домашната публика, совладувајќи ја екипата на Авондаел, што е главен конкурент на Саут Мелбурн за првото место на табелата. Црвено-црните заслужено славеа и беа подобра екипа преку целиот натпревар. Единствениот гол на средбата беше постигнат од Даниел Фабрицио во 34 минута.

Во завршницата вистински херој беше голманот на Алтона Маџик Вардар бидејќи во судиското продолжение, после еден удар кон голот, имаше ненамерна игра со рака во казнениот простор и веднаш судијата досуди пенал. Соочени во последните моменти со поделба на бодовите Кристијан Роси извонредно го одбрани ударот од белата точка и вториот удар од одбиената топка зачувувајќи ја победата и трите бода.

Во недела, на 14 јули, Алтона Маџик Вардар гостува кај Сент Албанс со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 47 |
| Авондаел | 43 |
| Окли Канонс | 43 |
| Хјум Сити | 40 |
| Хајделберг Јунајтед | 38 |
| Данденонг Сити | 31 |
| Порт Мелбурн Шаркс | 30 |
| Мелбурн Најтс | 29 |
| Алтона Маџик Вардар | 27 |
| Грин Гали | 24 |
| Данденонг Тандер | 22 |
| Манингам Јунајтед | 14 |
| Мореланд Сити | 10 |
| Сент Албанс | 10 |

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 23 КОЛО**

## НЈВ Спирит – Рокдаел Илинден 1:2



Рокдаел Илинден забележа епска тешка победа од 1:2, благодарение на погодокот на Блејк Ричуто во завршницата од мечот. За пофалба е домаќинот кој навистина изненади и беше жилав противник дури и со само девет играчи на теренот.

Во првото полувреме НЈВ Спирит дојде до водство во 25 минута со голот на Киа Вилиамс.

Таа предност домаќинот ја чуваше се до моментот кога во 52 минута Јанис Фрерк доби црвен картон и го остави тимот со играч помалку. Само две минути подоцна Алек Урошевски изендачи на 1:1, забележувајќи го неговиот 26 погодок сезонава.

Следеше уште едно исклучување во 62 минута кога Киа Вилиамс доби втор жолт и автоматско исклучување со што НЈВ Спирит остана со само девет играчи на теренот.

Се играа последните моменти од средбата и во 89 минута Блејк Ричуто го постигна победничкиот гол за Илинден за конечните 1:2.

Во недела, на 14 јули, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на Сиднеј Јунајтед со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Рокдаел Илинден | 56 |
| Маркони | 44 |
| АПИА Лејкарт | 43 |
| Сиднеј Јунајтед | 40 |
| Блектаун Сити | 38 |
| Волонгонг Вулвс | 36 |
| Сент Џорџ Сити | 36 |
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 32 |
| Сиднеј Олимпик | 29 |
| Манли Јунајтед | 26 |
| НЈВ Спирит | 24 |
| Сент Џорџ Саинтс | 23 |
| Хилс Јунајтед | 21 |
| Сиднеј | 21 |
| Сатерланд Шаркс | 18 |
| Централ Кост Маринерс | 15 |

AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО УДОБНО СИГУРНО ВЕ ОЧЕКУВАМЕ НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

ISSN 1442-195X

# ШЕСТ ПАТИ ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ БИЛЕ ОДЛОЖЕНИ ИЛИ ОТКАЖАНИ




Летните Олимписки игри се најголемиот спортски настан во светот, на кој вообичаено се натпреваруваат повеќе од 10.000 спортисти од десетици земји. Но имало и случаи кога вообичаениот распоред на одржување, на секои четири години, бил нарушен.

Летната Олимпијада во Токио беше официјално одложена во 2020 поради пандемијата. Меѓународниот олимписки комитет и тогашниот премиер на Јапонија, Шинзо Абе, се согласија дека ќе го поместат датумот на 2021, откако Канада, Австралија и други земји соопштија дека нема да испратат претставници. Настанот - се уште познат како Олимпијада 2020 - на крај се случи во јули и август 2021.

Одложувањето или откажувањето на летните или зимските Олимписки игри е екстремно ретка појава. Од 1896, кога започнала модерната Олимпијада, тоа се има случено само шест пати и најчесто поради војна:

1916, летна Олимпијада
Берлин, Германија
Откажана поради Првата светска војна

1940, зимска Олимпијада
Гармиш-Партенкирхен, Германија
Откажана поради Втората светска војна

1940, летна Олимпијада
Токио, Јапонија, потоа Хелсинки, Финска
Одложена, потоа откажана поради Втората светска војна

1944, зимска Олимпијада
Кортина д'Ампрецо, Италија
Откажана поради Втора светска војна

1944, летна Олимпијада
Лондон, Британија
Откажана поради Втора светска војна

2020, летна Олимпијада
Токио, Јапонија
Одложена за 2021, поради пандемијата

Всушност, пандемијата го означи првиот пат кога Олимпијадата била барем привремено одложена за каква и да е друга причина освен војна.

Еден од горенаведените примери всушност се должи не на една, туку на две војни. Имено, Олимпијадата во 1940 првично требало да се одржи во Токио, но со избувнувањето на втората Кинеско-јапонска војна, домаќинот сам се откажал. Меѓународниот олимписки комитет ги доделил игрите на Хелсинки, кој бил втор кога се гласало за град-домаќин. Но и Финците немале среќа, бидејќи по избувнувањето на Втората светска војна во септември 1939 и тие морале да откажат, и покрај тоа што биле во завршна фаза на подготовките. Имено, градењето на Олимпискиот стадион во Хелсинки започнало уште во 1934, а било завршено во 1938, а биле дури и отпечатени промотивни материјали (како марамчињата на фотографијата горе).

